**Година 2002, март, број 4**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

Изминатиот период од предходниот информатор освен со почетокот на летниот семестар се карактеризира и со интензивна комуникација со сродните институции од странство. Затоа тие информации ќе имаат најзначајно место во овој број.

## GOSTI NA MFS

1. На МФС гостуваше делегација од Т.Е. Илменау - Германија во состав: деканот и еден од основоположниците на мехатрониката, univ-prof.dr.ing-.habil Eberhard Kallenbach и univ-prof.dr-ing.habil Auzburg кои одржаа и предавања на темите: "Општо предавање за мехатроника" и "Мехатроника кај возилата". Потоа беше разговарано за понатамошната соработка меѓу факултетите на проектот "Мехатроника" на кој освен тие два факултета работат и ТЕ Софија, ТЕ Будимпешта и Машинскиот факултет од Ниш.
2. Делегација од Машинскиот факултет од Ниш во состав: проф д-р Борчиќ, декан на факултетот, проф д-р Павловиќ и проф. д-р Живковиќ оствари работна средба со нашиот деканат и на неа се потпиша договор за меѓусебна соработка меѓу двата факултета.
3. На ден 04.03.2002 во работна посета на нашиот факултет гостуваа: г-дин Martin Knapp, повереник на германското стопанство за југозападен Балкан и претставниците на германскиот завод за технички надзор TUV Thuringen, г-дин Bushei и г-дин Sprengholz кои ја претставија активноста на нивниот завод.

## ПОСЕТА НА ИНСТИТУТОТ ВИНЧА, БЕЛГРАД, СРЈ

Делегација од нашиот факултет во состав: проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Александар Ношпал и проф. д-р Звонимир Костиќ оствари работна посета на институтот за нуклеарни науки Винча во Белград. Во текот на посетата беше разгледана тековната соработка и беше договорена идна соработка. Домаќини на нашата делегација беа: генералниот директор д-р Круноslав Суботиќ, раководителот на лаболаторијата за термичко инженерство и енергија, д-р Предраг Стефановиќ, директорот на центарот за мотори и возила, м-р Милија Милановиќ и проф. д-р Симеон Ока.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ НА ФИРМАТА "ARMACELL"

Во организација на друштвото на термичари на РМ на ден 06.03.2002 во просториите на МФС се одржа презентација на производната програма на фирмата како и пресметка и вградување на изолацијата по што следеше коктел за присутните на презентацијата (вработените на факултетот, студентите и претставници од стопанството).

## ПРОМОЦИЈА НА VOLVO КАМИОН ЗА СТУДЕНТИТЕ НА МФС

На ден 13.03.2002 во кругот на МФС се одржа промоција на најновата генерација на VOLVO камиони за студентите на МФС. На промоцијата присуствуваа студентите од шести и осми семестар, насока моторни возила.



## КОНКУРС ЗА УПИС НА СТУДЕНТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Ректорската управа на состанокот одржан на ден 20.03.2002 го усвои годинашниот конкурс за упис на студенти на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Се очекува потврда од Владата на Р. Македонија.

## ПРОМОЦИЈА НА КНИГА

Во списанието "REFRIGERATION WORLD" е извршено промовирање на книгата "Refrigeration - solved examples" од проф. д-р Ристо Цицонков.

## МАГИСТРИРАНИ

1. Ст.сор. Виктор Стојмановски 07.03.2002

## ИЗБОР ВО ПОВИСОКИ НАСТАВНО НАУЧНИ ЗВАЊА

1. Во вонредни професори:Јован Гочев, Добре Рунчев.
2. Во доценти: Валентино Стојковски.
3. Во асистенти: Искра Ветаџоковска-Спасова, Ана Лазаревска, Зоран Марков.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## ТЕАТАР

На ден 27.03.2002 со почеток во 20.00 часот се организираше посета на театарската престава "ФАНИ МАНИ"во Домот на АРМ. За вработените билетите беа бесплатни, а одзивот за преставата беше изразен преку 40 подигнати билети.

## БАЗЕН

Секој понеделник со почеток во 20 часот од 25.02.2002 до 27.05.2002 се организира пливање во Олимпискиот базен. Влезот за вработените на МФС е слободен.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р  Томислав Златановски, студиски престој во Институтот за механика на флуиди при Бундесфер Универзитетот во Хамбург, Германија.
2. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, стручен престој во Данска, на докторски студии на Алборг Универзитетот, Факултет за инженерсто и наука.
3. Асс. м-р Зоран Марков, сеуште на отслужување на воен рок. МИРРРНО!
4. Асс. м-р Ана Лазаревска, стручен престој во Бугарија на прелиминарен состанок во рамките на проектот "IP SCOPES", од 26.02.2002 до 28.02.2002
5. Проф. д-р Александар Мојсовски, студиски престој во Германија од 01.03.2002 до 12.03.2002.
6. Проф. д-р Методија Мирчевски, работна средба со колегите од ТЕЦ "Бобов Дол" Бугарија на ден 08.03.2002 и работна посета на катедрата за механика на флуиди при Свеучилиштето во Загреб, од 24.03.2002 до 26.03.2002.

## ИНТЕРНЕТ ?!@

Од познатите причини со интернет конекцијата во тек е алтернативно експериментално поврзување со друг провајдер. Пробниот период ќе трае месец дена и Ве замолуваме да не известите како сте задоволни со конекцијата.

Сметачки Центар

**REMAINDER**

Ве потсетуваме дека во тек е доставување на податоци на англиски јазик за web страната на МФС! Податоците ако сеуште не сте ги доставиле, може да ги пра-тите на e-mail: mandzuk@ereb1.mf.ukim.edu.mk

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**28.03.2002**
**16 СЕДНИЦА НА ННС**

**25.04.2002**
**17 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

***Сугестии, идеи и соработници се повеќе од пожелни!***


**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*

*Борис Рошков*